АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19. 11. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилози | Вредност |
| 10 | 6615 | 1 | |


До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица

3. **Период опфатен со надзорот:** 22 септември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 ноември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик).

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, емитуван на 22 септември 2015 година, на регионално ниво, во регионот Д 4, **е констатирано прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврска дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик).

Со надзорот е констатирано дека на 22 септември 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, емитувал 6 часа 28 минути и 34 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, што е **31.61%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (20 часа 29 минути и 12 секунди). Законскиот минимум од 40% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 22 септември што влегува во пресметка за изворно создадена програма (20:29:12), е 8 часа 11 минути и 41

секунда. Програмскиот сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица емитуваше за 1 час 43 минути и 7 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, на 22 септември 2015 година, не емитуваше најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското друштво за радиодифузија ТВ КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***